***З А П И С Н И К***
***од Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 21.04.2022 година***

Седницата се одржа во кабинетот на Грдаоначалникот на општина Демир Хисар со почеток во 9 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 6 (шест) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, Аце Јанкуловски, Ивана Кочовска, Сандра Пејковска, Александра Трајковска, Сашо Михајловски, а отсутни беа советниците Јасмина Јовановска, Марина Димитријовска Филип Ангелевски, Јордан Кромидаровски и Валентин Нестороски

На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутен беше Раководителот Мише Милошевски. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Создавање предуслови за инфраструктурна поврзаност на н.м. Журче со Регионален пат Р1306“.
2. Донесување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот “Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура“.
3. Донесување на Одлука за издавање деловен простор, сопственост на општина Демир Хисар под закуп.
4. Донесување на Решение за измена на Решението за разрешување на член во Училишен одбор претставник од локална самоуправа во ООУ Гоце Делчев“ Демир Хисар.
5. Донесување на Решение за разрешување и именување на член член во Управен одбор во ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар.
6. Предлози и прашања.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата констатира присуство од шест советници, а потоа предложениот Дневен ред го даде на усвојување. За усвојување на Дневниот ред гласаа 6 „за“.

***ТОЧКА 1. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Создавање предуслови за инфраструктурна поврзаност на н.м. Журче со Регионален пат Р1306“***

За Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Создавање предуслови за инфраструктурна поврзаност на н.м. Журче со Регионален пат Р1306“ објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Градоначалникот Никола Најдовски објасни имаше повик од Бирото за регионален развој за аплицирање со проекти во три сегменти и тоа урбани средини, за подрачја со специфичен развој и развој на села. Општината аплицираше во трите сегменти со проекти и тоа за урбани средини аплицираше со проект за улично осветлување, за подрачје со специфичен развој за улица во Света и за развој на села со овај проект во Журче. Беше остварена средба со Министерот за локална самоуправа се надеваме дека ќе ни поминат проектите не се некој големи средства. Сето ова се постигна со големо вложување на раководителот Мише Милошевски за што јавно му се заблагодарувам. Советничката Ивана Кочовска праша како е поврзано проектот во Журче со

регионалниот пат. Градоначалникот Никола Најдовски објасни станува збор за стариот пат кој излегува на регионалниот пат. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 6 „за“.

***ТОЧКА 2. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот “Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура“***

За Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот “Искористување на конкурентските предности на Пелагонискиот регион преку подобрување на патната инфраструктура“ објаснување имаше Градоначалникот Никола Најдовски, исто преку Пелагонискиот плански регион се аплицираше со два проекти тотоар по улица 1ви мај и реконструкција на улица 11 Октомври од регионалниот пат до мостот, проектите се во вредност нешто над 5 милиони. Од годините наназад секогаш се имало еден проект резерва ако се постигни пониска цена средствата што ќе останат да се искористат. Како резервен проект се планира втора фаза за водовод во Слепче. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 6 „за“.

***ТОЧКА 3. Одлука за издавање деловен простор, сопственост на општина Демир Хисар под закуп***

За Одлуката за издавање деловен простор, сопственост на општина Демир Хисар под закуп Градоначалникот Никола Најдовски објасни се однесува за дел од домот во Сопотница, има барање од Аце Настовски да го користи просторот како магацин, но постапката мора да биде како што се планира и со предходните објекти за кои беше донесено исто ваква одлука. Советничката Ивана Кочовска праша дали е дефинирана намената, а советникот Сашо Михајловски додаде да се регулира со договорот што смее да се чува во тој простор, да не се случи да му смета на селаните. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 6 „за“.

***ТОЧКА 4. Решение за измена на Решението за разрешување на член во Училишен одбор претставник од локална самоуправа во ООУ Гоце Делчев“ Демир Хисар***

За Решение за измена на Решението за разрешување на член во Училишен одбор претставник од локална самоуправа во ООУ Гоце Делчев“ Демир Хисар направена е техничка грешка при донесување на предходното решени. Дискусија немаше. За донесување на решението гласаа 4 „за“ 2 „против“.

***ТОЧКА 5. Решение за разрешување и именување на член член во Управен одбор во ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар***

За Решението за разрешување и именување на член член во Управен одбор во ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни се разрешува Живко Дранговски, а на негово место се именува Зоран Божиновски од Единаковци. Дискусија немаше. За донесување на Решението гласаа 4 „за“ 2 „воздржани“.

***ТОЧКА 6. Предлози и прашања***

Дневниот ред беше исцрпен. Претседавачот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-690/3<br>26.05.2022 година<br>Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>Претседавач,<br>Љупчо Најдовски с.р.